Зоран НАЦЕВ

# ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОВРЕМЕНАТА ВОЈНА

Во првиот миг кога размислував за темата под овој назив, не бев сигурен во успешноста на обидот проблемот соодветно да се разработи. Но, консултирајќи одделна литература, скептицизмот бргу исчезна. Анализирајќи и компарирајќи ги видувањата во врска со ова прашање во нашата и во странската литература, сосема се уверив дека кај нас, во теоретската мисла, надвладува еден конзерватизам што се провлекува веќе подолго време. Класичниот пристап и размислување доминираат во повеќе наши научно-стручни трудови по односното прашање, кои некако по инерција се пренесуваат и во делата од понов датум. Не тврдам дека досегашните видувања на овој проблем се погрешни. Напротив, сметам дека на досегашните основи треба да се доградат нови содржини со различни пристапи, за да се одрази она што денес и утре значи современа војна, во поимско-категоријална и прагматична смисла. Оттука се надевам дека обидот кој го правам во таа смисла, на определен начин, ќе дејствува потикнувачки за пробив на поинаква мисла околу овој феномен, со што, донекаде, би се „отргнале" од досега присутните доминантни основи.

Феноменот на војната бил и е предмет на проучување на голем број автори од различен стручен и научен профил. Секој од нив, во рамките на пројавениот интерес, се обидувал од свој агол на гледања да ја посматра појавата на војната и врз база на тие сознанија произлегле низа дефиниции и видувања за неа. Постоечкиот широк дијапазон на толкувања во врска со војната е и разбирлив, бидејќи појавата во различен степен ги тангира речиси сите области од општественото живеење (политиката, економијата, дипломатијата, психата, верата и др.). Но и покрај постоењето на голем број определувања на војната, низ историјата, а и денес, егзистираат одделни дефиниции и толкувања за војната за кои може да се каже дека се репрезентативни и главно прифатени од поширок круг на проучувачи и теоретичари на војната. Како едно од тие определувања, кое во

теоријата на војната се смета за релевантно е она на Клаузевиц, иако и тоа во денешно време, од одделни западни автори, е доста критикувано. Имено, овој пруски генерал војната ја дефинира пред сè како акт на насилство што има цел да го принуди противникот на исполнување на волјата на спротивната страна. Притоа, се потенцира дека војната е политички акт, орудие на политиката, продолжение на политичкиот однос, но со други средства. Тој истакнува дека „политиката е оној мајчин скут во кој се раѓа војната и во кој скриено се навестени главните цели на војната, исто онака како и својството на живите суштества во нивните зачетоци“[1]. Од формулацијата на Клаузевиц се уочува дека војната има рестриктивно значење, дека е средство, дека политиката ги определува целите, при што војната е само продолжение на таа политика и е нејзино подредено орудие. Всушност, војната е конкретен начин и не може ниту за миг да биде одвоена од политиката, меѓутоа војната сама по себе, по своето специфично обележје, може да се разгледува одвоено.

Натамошната анализа на дефиницијата на Клаузевиц за војната, наметнува и една дилема, односно прашање од типот „дали секоја употреба на насилство во политички цели преставува војна“? При ова се мисли на појави какви што се државен удар, пуч, востание, револуција, воена интервенција, разни полициски акции од пошироки размери, тероризам, диверзии и др. Посочените појави не можат да се подведат под категоријата војна, макар што некои од нив се составен елемент и манифестација на војната. Имено, иако голем дел од посочените појави често се подведуваат под категоријата војна, сепак станува збор за судир помеѓу добро вооружени учесници на нереди или меѓу нив и регуларните сили. За предизвикување или пак за создавање на ситуација, на пример, вооружен бунт или граѓанска војна, во основа не се потребни високо обучени формации, туку групи на незадоволни и со омраза или огорченост исполнети луѓе, надополнето со елементарно вооружување. Во принцип, многу е поедноставно да се предизвикаат и развијат немирите отколку војна, а притоа тие долго да потрајат. Исто така, постои помала веројатност некој граничен спор да ескалира во вистинска војна отколку во случај некоја држава да се обиде да ја симне владата на некоја соседна земја. Војната е сепак нешто повеќе од убивање, насилство и безмилосно уништување, таа се води до нејзиниот исход а воената вештина е нешто повеќе од ”униформи, паради и импресивно вооружување и опрема“[2].

Во контекстот на дефинирањето на војната, мошне значајно е Рајтовото тврдење за кое, исто така, се вели дека претставува валид-

1. Клаузевиц Фон К., О рату, Војно дело, Београд, 1951, стр. 35.
2. Dunnigan F. J., Kako voditi rat, Beograd, 1993, str. 565.

на определба. Имено, тој во трудот „Студија за војната"[3] тврди дека од точка на гледиште на секоја завојувана страна, на неа може да се гледа како на крајно интензивирање на воените активности, психичките напрегања, правната власт и општествената интеграција; дека војната може да се смета како истовремен конфликт на вооружените сили, расположението на населението, правните начела и на националните култури кои се толку изедначени (или пак секоја страна тоа така го проценува) што конфликтот меѓу нив доведува до максимално интензивирање на секоја од тие фактори и на двете страни. Очигледно е дека Рајт повеќе ја потенцира содржинската страна на војната (на одделни аспекти на војната), од што произлегува следново:

- дека војната е определен облик на општествен конфликт меѓу општества како хомогени целини, при што тој конфликт предизвикува ангажирање не само на воени туку и на невоени ресурси на општеството потикнувајќи притоа значителна општествена интеграција;
- решението на конфликти се бара преку употреба на вооружени сили што се приближно избалансирани до ниво кое и на двете страни им дава за право (според проценките на двете страни) да очекуваат остварување на проектираните цели на војната.

Според двете посочени дефиниции, синтетизирано, за војната може да се рече дека е облик на драстичен конфликт меѓу општествата, во која, заради остварување на проектираните политички цели, и двете страни ги користат сите облици на насилство, преферирајќи го вооруженото насилство како доминантно во најголемиот тек на судирот.

Ако се погледне американскиот енциклопедиски речник, може да се уочи дека во него не се дава еднозначна дефиниција на војната туку преку таксативното набројување на можните, пошироки значења во однос на војната, на вооружена борба и воената вештина во поширока смисла, се претставува војната со своите елементи, оставајќи простор за конструкција на одделна, еднозначна дефиниција за војната. Имено, во него се дава следно определување на војната:

а) војната е состојба на обично остварени и официјално потврдени непријателски судири меѓу политичките единици (држави, нации);

б) период на вооружени судири меѓу политички единици;

в) вештина и наука за воените операции, за методите и принципите на војување.

Според францускиот Leksis[4] зборот војна има следни значења: (1) крвава и организирана борба помеѓу држави или фракции; (2) судир без крв (психолошка, идеолошка војна).

3. Wright D., A Study of War, Chikago, 1951, str. 698.

4. Превземено од Вишњиќ Д., Појам оружане борбе, ВИНЦ, Београд, 1988, стр. 53.

Нашиот истакнат теоретичар на војната Димишковски С.[5], војната ја дефинира како „тотален, комплексен и интензивен општествен судир меѓу држави или различни општествени сили во рамките на една држава, во кој, врз основа на длабоки политички, економски, национални, верски и други спротивности, масовно и организирано се применува оружено насилство и истовремено се води борба во сите други сфери на човечкото живеење, со цел да се остварат определени политички, економски, национални, верски или некои други интереси". За разлика од досегашните дефиниции за војната, посочениот автор ги прецизира димензиите, локацијата, причините, аспектите и целите на војната, при што нема доволна јасна дистинкција во однос на внатрешните судрувања во смисла на нивното манифестирање. (На пример, вооружените бунтови може да се подведат под поимот војна, иако тоа не се).

Но за војната не е доволно само да се искажат дефинициите за да се разбере нејзината суштина туку е потребна дополнителна и проширена теоретска елаборација на нејзините содржини за да можат да се согледаат нејзините димензии, законитости, правила, манифестации, видови, облици и сл. Оттука и натамошното излагање е насочено во тој правец.

Војната мора да се сфати како мошне комплексна појава во која се испреплетуваат насилството, разумот и политичката волја, при што таа повеќекратно ја менува својата природа, во секој конкретен случај. Имено, умерените политички цели во војната, неа ја ограничуваат во поглед на насилството, димензиите и областите на нејзиното ширење. И обратно, политиката е таа што го преобразува лицето на војната, речиси до крајни граници, како во поглед на ангажирањето на силите и средствата, така и по однос на манифестирањето на насилството. Притоа, на голема, политичка (радикална) цел соодветствува и голема војна, а на мала политика и мала цел, при што и во двата случаи политиката, освен тоа што го наоѓа своето продолжение, се соочува и со мигот на вистината - колку е способна перото да го замени со меч. Може да се смета дека замената е соодветна ако политичката цел е сообразна со нејзината воено-стратегиска моќ, а во спротивно, чинот на војната е безумен и осуден на пропаст. Политиката умее многу често да се апстрахира од оваа релација и се обидува да го користи воениот инструмент иако тој не е способен да одговори на манифестираната политичка волја во дадениот конфликт. Блефирањето во овој поглед, во некои случаи, може да донесе извесни резултати, но во крајното интезивирање на судирот и при максималното напрегање на силите, ја покажува својата немоќ.

5. Димишковски С., Основи на националната одбрана на Р. Македонија-воено политички аспекти, НИП Глобус, Скопје, 1996, стр. 27.

Целите на најголем број војни водени во историјата биле главно мотивирани од некои економски и политички причини, иземајќи ги тука т.н. верски војни. Денес, за разлика од порано, многу од тие цели можат да се сметаат за неприфатливи, па дури и непримерени, при што главно ги имаме предвид непосредно економските причини.

Во однос на начинот на нивното водење, некаде до средината на овој век, речиси и дека немало поголеми осцилации во нивното изведување, бидејќи се почитувале постоечките правила и кодекси. Наполеоновите војни донесоа голема пресвртница во тој поглед. Се ангажираат потенцијалите до максималните граници, се создаваат масовни армии, сè помалку се почитува советот на Сун Цу дека непријателската нација не треба да се уништи. Може сосема јасно да се уочи дека почетните, условно кажано позитивно дефинирани цели, со тек на развојот на војната биле трансформирани во крајно негативни, придружени со преферирањето на категоријата „тотално уништување на непријателот“, со висок степен на омраза спрема него. Како изразит пример за една таква трансформација, одделни автори ја посочуваат Првата светска војна. Освен тоа, минатите војни, во периодот меѓу XIII и XIX век, биле водени меѓу различни нации, но тие имале заедничка култура, христијанска идеологија и речиси идентичен систем на вредности на владаечката класа. Руската револуција тоа го прекина.

Интересно е да се напомене и тоа дека уште од најрано време па сè до денес, најголем дел од диктаторските, авторитарни влади и олигархии, промовираа став дека армиите служат пред сè заради зачувување на внатрешниот статус кво. Покрај тоа, таквите режими, многу често знаеја да се служат со еден проверен трик да се интервенира со воена сила надвор од границите заради намалување и оттргнување од сопствените внатрешни тешкотии.

Треба да се знае и тоа дека во самата суштина на војната лежи битката, преку која се одмеруваат моралната и физичката сила, со посредство на оваа втората. Притоа, може да се говори за решавачка битка само во случај ако таа го погаѓа политичкиот центар како гравитационо тежиште врз кое тие се судруваат. За победа може да се говори ако е остварена на политички план преку наметнувањето на сопствената волја на противникот. И на стратегиски, ако тој е поразен и ако по пат на спогодба се дефинират целите, мирот или пак примирјето, со што се утврдува нова состојба врз поинакви основи. Или, како што истакнува Гликсман[6] „конечната сметка ја докажува својата мудрост во изедначувањето на политичкиот разум и воениот елемент, намерите и делувањето, плановите на владата и генералштабната карта“.

6. Gliksman A., Govor rata, Beograd, 1991, str. 98.

Кога се говори за целта на военииот поход и, се разбира, политиката што го следи, конкретните војни се движат и варираат меѓу две крајности. Едната е кога воеността напрегање и динамизмот одат до крајни граници, следена со намерата да се остварат радикални решенија по пат на конечна пресметка во битката. И другата, што повеќе личи на одмерување на силите, во која конечната пресметка се заменува со концентрација и маневар на силите, а борбата на живот и смрт и отстапува место на потребата за заземање и држење на некоја позиција.

И двете димензии на војната, радикалната и ограничената, многу ретко се наоѓаат во чиста форма, поради тоа што ниту еден судир не се решава во еден миг ниту пак може да се занемари можноста ограничените акции да се претворат во крвава пресметка. Сепак основниот закон во борбата, кој влијае врз сите одлуки, се манифестира во настојувањето противникот да се разоружи, а да се спречи можноста да се најдете во таква ситуација. Стратегијата е таа која при максималното напрегање на силите ги проценува мерките на секоја стратегиска замисла и го утврдува однесувањето што води кон целта, а тоа го определува и чинот на војната во својата целокупност. Од друга страна, може јасно да се забележи дека она што го определила политиката во војна е надредено над стратегијата и честопати го сопира военото напрегање пред, во текот и по војната при изготвувањето на политичката спогодба.

Се разбира дека никој не војува само заради војување. Но самиот чин на војување носи со себе реална опасност во одделни фази орудието на политиката да се измолкне од контролата на политиката, особено ако не се изградени соодветни сопирачки механизми. Има многу примери во историјата кога воениот механизам во текот на војната продолжил да дејствува по „своја логика“, пред сè заради ефектот на „мелница“ што ги турка збиднувањата и тогаш кога политиката наложува сопирање или преиначување на дејствата.

Познато е дека од француската револуција па наваму војните се именуваат како современи (некои тоа го велат за војните водени по IIс.в.) бидејќи стануваат речиси неограничени во ангажираните сили и средства. Тие стануваат целосно проткаени со идеологија (политика), а од друга страна се сè повеќе „материјални и технички“, со што и разликите меѓу одделни видови на војни стануваат сè помали.

Кај војната отсуствува смислата, додека за нејзин функционален аспект може да се говори. Во таа смисла можат да се разберат обидите за внесување на цивилизациски норми во нејзиното водење и тоа во вид на конкретни меѓународни и други документи кои, за волја на вистината, сепак не придонесуваат за нејзината хуманизација. Војните

пред се сè „безлични (. . .), тајната на нејзината моќ може да се открие само со укажување на нејзината бруталност; безумна е како земјотрес, таа е природно погубна, мешаница без цел, неконтролирано пустошење“[7]. Или, како што натаму истакнува Гликсман[8], „од времето на Џингис Кан таа ги умножуваше своите облици, без ништо да загуби од својата суровост, таа станала современа низ чадот на барутот, граѓанска низ теророт, поединечна низ борбата на живот и смрт“.

Кога е во прашање војната, постои еден навидум чуден феномен, изразен во тоа што народот манифестира единство и сплотеност кога се брани или пак кога тргнува во освојување, притоа, потиснувајќи ги во втор план другите работи. Бидејќи ниту една воена сила не оди до крајност во вид на истребување на противничките воини, се поставува прашањето кој е моментот на пресврт за едната страна да смета дека продолжувањето на воените дејства веќе нема смисла. Односно, кој е преломниот момент што им овозможува на страните во судирот да се спогодуваат, а притоа да не дојдат во ситуација што значи однос меѓу „господар и роб“. Можеби поразот на бојното поле е на врвот на листата на причините, но пораз во битка може уште повеќе да ја иницира натамошната борба на поинаков начин (герила, субверзивни дејства, терористички акции на противничката територија и сл.), исполнети со набој на бес и омраза. Но, по сè изгледа, факторот на убеденост и сознанието дека борбата баш ништо не значи и не овозможува постигнување на посакуваното, е еден од доминантните моменти што влијаат врз престанокот на војната. Притоа, треба да се има предвид дека правилното и соодветното расудување на бојното поле значи и принудување на противникот на пораз. Но, и двата противника веруваат дека се борат за мир, па така, за да дојде до спогодба потребно е тоа да го сакаат и двете спротивставени страни. Крајот на војната значи дека е напуштена опцијата на радикално напрегање на силите, оти се преферира варијантата на преговарање, дека е дојдено до прекин на огнот и оти се прецизирани одредбите од мировниот договор. Даниган[9] во ова смисла истакнува дека „војната лесно се започнува, да се продолжи е скапо, а да се заврши е тешко. Војните обично почнуваат поради тоа што едната или двете спротивставени страни сметаат оти победата им е осигурана, нејзиното водење продолжува во голема мера поради националната гордост, а завршува кога едната или двете страни станат опустошени и деморализирани или, што е поредок случај, кога ненадејно ќе сфатат дека војната што ја водат е апсурдна“.

Заради самиот чин на водење на војна, доаѓа до создавање на една специфична-комплексна целина (организација) што во себе ги обе-

7. Исто, стр. 131.
8. Исто, стр. 153.
9. Dunnigan . . . op. cit. стр. 339.

динува организациско-формациските структури на војската и логистичката поддршка надвор од армијата, потоа стратегијата и тактиката со кои се управуваат воените дејства и посебните постапки преку кои секоја завојувана страна остварува напад или се брани, применувајќи ја стратегијата и тактиката во сопствена полза, а на штета на противникот. Притоа и двете страни се одмеруваат по однос на силите, средствата и можните цели, како и со набљудување на потезите што ги презема спротивната страна. Тоа е и разбирливо. Имено, денес се водат само промислени војни затоа што за нивното водење мора да постои причина, за целите кои сакаат да се остварат стои сметката што треба да се „плати", а сето тоа е запакувано во определен фонд на зборови што служат за основна комуникација по повод војната и за легализација на нејзиниот тек и цел.

Во тоа одмерување на силите, тие мора да се стават во заемен однос. Секое изолирано квантифицирање и поединечно квалитативно оценување, со цел евентуално додавање едни на други, не е можно и не е исправно.

Гледано пошироко, за да се проникне во суштината на конкретниот судир и општо на војната, потребно е, покрај другото, да се идентификуваат и оние латентни „мисли и идеи" на општеството, потоа да се согледаат општоцивилизациските текови, како и историското минато.

Освен тоа сите земји располагаат со војска, но разликите во нивниот квалитет, квантитет и ефикасноста се очигледни, и нема многу да згрешиме ако констатираме дека само околу десетина земји во светот се способни и можат да водат офанзивни војни. Можноста за нивно вовлекување во некој локален судир е всушност и најголема опасност војната да придобие пошироки размери. Во принцип, по завршувањето на некоја војна, по сумирањето на „резултатите", обично се доаѓа до еден апсурден заклучок дека таа не се исплатува и оти во основа нема победник, што често се заборава кога се почнува со неа.

ЛИТЕРАТУРА

1. Атанасовски Т., Пулсот на војната, НИП ПУЛС, Скопје, 1996
2. Buzan B., People, States and Fear, Harve ster Wheats heat, 1991
3. Ванковска-Цветковска Б., Војската и демократијата, Детска радост, Скопје, 1995
4. Вишниќ Д., Појам оружане борбе, ВИНЦ, Београд, 1988
5. Gliksman A., Govor rata, VINC, Beograd, 1988
6. Гоцевски Т., Современи тенденции во одбраната, Македонска ризница, Куманово, 1997
7. Гризо Н. и Ристески К., Од историјата на воените идеи, Култура, Скопје, 1992
8. Димишковски С., Основи на националната одбрана на Р. Македонија, НИП Глобус, Скопје 1996
9. Dunnigan J., Kako voditi rat, VINC, Beograd, 1993

10. Schelling T., The Strategy of conflikt, Harvard University, Cembrige, Massachuseets, London, 1994
11. Simpkin P., Nadmetanje u brzini manevra - o ratu u XXI veku, VINC, Beograd, 1991
12. Сун Цу, Вештина на војувањето, Штрк, Скопје 1996
13. Фукујама Ф., Крајот на историјата и последниот човек, Култура, Скопје, 1994
14. Nolsti K. J., The State war and the state of war, Cambrige University Press, 1996

Zoran NACEV

## CONCEPTION AND CHARACTERISTICS OF THE CONTEMPORARY WAR

(Summary)

The phenomenon of the war was and is a subject of examination for lot of authors with different profesionally and different scientific interests. Each of them, depend of their interest, tried to look after the phenomenon and as a result of that activities appeared many definitions and knowledge about the war.

Studying the domestic literature connected with this problems, we can say that here existed conservatism as a real impression which existed long time. In otherwords, classical access and thinking dominated in many of our professionaly-scientific papers, which moves with inertia on the recent papers. From here, in the paper are presented watchings which remarked a new contents on the former bases, by whom are reflected that today and tomorrow will mean contemporary war and pragmatically meaning. In this context, in the paper are displaced many relevant definitions of the war and here is tendered specific theoretical elaboration for this content with purpose for anticipating of the dimensions, legalities, rolls and manifestations of the contemporary war.